**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

**Архивски број:04-481/13**
**Датум: 13.06.2022 година**

Врз основа на член 52 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19,14/20,112/2020, 215/2021 и 99/2022) В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе

# ОДЛУКА

за избор за унапредување на административен службеник

1.По интерен оглас број 02/2022 од 17.05.2022 година за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, објавен на ден 19.05.2022 година на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенција за администрација, за работно место под реден број *01, Советник инспектор со шифра ИНС 01 01 В01 001, ниво В1-Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимилатори и подобрувачи на својствата на почвата -Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимилатори и подобрувачи на својствата на почвата , цвеќе , генетски модифицирани организми и виното и лозарството,1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат*:

- *СУАД ЈУКИЌ*

2. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за Суад Јукиќ во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на ова одлука.
3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за администрација на ден 19.05.2022 година, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Советник инспектор со шифра ИНС 01 01 В01 001, ниво В1-Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимилатори и подобрувачи на својствата на почвата -Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња,

биостимилатори и подобрувачи на својствата на почвата , цвеќе , генетски модифицирани организми и виното и лозарството,1 извршител,.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција и унапредување, формирана со Решение бр.04-481/7 од 30.05.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-481/12 од 08.05.2022 година, по што Комисијата спроведе интервју и за истиот состави Записник.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во записникот заведен под бр.04-481/12 од 08.05.2022 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници ,,Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката , донесува решение за унапредување на административниот службеник''.

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- персонално досие
- архива

Со почит,
В.Д.Директор
Зоран Шапуриќ

*Изработил:С.Д*
*Согласен:М.М*


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk